# Стратегиски план

# на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување

# за периодот 2024–2028 год.

*"За посигурни пензионерски денови"*

# Содржина


Содржина 2
Кратенки 4
Предговор на претседателот на Советот на Експерти 5
Вовед 6
Мисија 7
Визија 7
Вредности 7
Пензискиот систем во Северна Македонија 8
Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) 10
Главни учесници 14
Стратегиска цел 1: 15
Цел 1.1 16
Цел 1.2 18
Цел 1.3 19
Цел 1.4 21
Стратегиска цел 2: 22
Цел 2.1 23
Цел 2.2 25
Цел 2.3 27
Цел 2.4 30
Цел 2.5 31
Цел 2.6 32
Цел 2.7 33
Стратегиска цел 3: 35
Цел 3.1 36
Цел 3.2 36
Цел 3.3 39
Цел 3.4 41
Цел 3.5 43
Прилог 1 - Рамка на финансиски средства за реализација на стратегискиот план за периодот 2024–2028 година **Error! Bookmark not defined.**
Прилог 2 – Акциски план за 2024 година, мерки за успешност и активности, евалуација на планот со остварени резултати (базна година 2023) **Error! Bookmark not defined.**
Стратегиска цел 1 - Цел 1.1 **Error! Bookmark not defined.**
Стратегиска цел 1 - Цел 1.2 **Error! Bookmark not defined.**
Стратегиска цел 1 - Цел 1.3 **Error! Bookmark not defined.**

Стратегиска цел 1 - Цел 1.4 .......... **Error! Bookmark not defined.**
Стратегиска цел 2 – Цел 2.1 .......... **Error! Bookmark not defined.**
Стратегиска цел 2 – Цел 2.2 .......... **Error! Bookmark not defined.**
Стратегиска цел 2 – Цел 2.3 .......... **Error! Bookmark not defined.**
Стратегиска цел 2 – Цел 2.4 .......... **Error! Bookmark not defined.**
Стратегиска цел 2 – Цел 2.5 .......... **Error! Bookmark not defined.**
Стратегиска цел 2 – Цел 2.6 .......... **Error! Bookmark not defined.**
Стратегиска цел 2 – Цел 2.7 .......... **Error! Bookmark not defined.**
Стратегиска цел 3 – Цел 3.1 .......... **Error! Bookmark not defined.**
Стратегиска цел 3 – Цел 3.2 .......... **Error! Bookmark not defined.**
Стратегиска цел 3 – Цел 3.3 .......... **Error! Bookmark not defined.**
Стратегиска цел 3 – Цел 3.4 .......... **Error! Bookmark not defined.**
Стратегиска цел 3 – Цел 3.5 .......... **Error! Bookmark not defined.**

# Кратенки

***АСО*** *- Агенцијата за супервизија на осигурување*
***БДП*** *– бруто домашен производ*
***Втор столб*** *– задолжително капитално финансирано пензиско осигурување*
***ДПФ*** *- доброволни пензиски фондови*
***ЕУ*** *– Европска Унија*
***ЗПФ*** *- задолжителни пензиски фондови*
***ИОПС*** *– Меѓународна организација на пензиски супервизори (International Organisation of Pension Supervisors)*
***КХВ*** *- Комисијата за хартии од вредност*
***МАПАС*** *– Агенција за супервизија на капитално финанирано пензиско осигурување*
***ММФ*** *– Меѓународен монетарен фонд*
***МТСП*** *– Министерство за труд и социјална политика*
***МФ*** *– Министерство за финансии*
***НБРСМ*** *– Народна банка на Република Северна Македонија*
***ОЕЦД*** *- Организација за економска соработка и развој (Organisation for Economic Co-operation and Development)*
***ОЕЦД - ИНФЕ*** *- Организацијата за економска соработка и развој - Меѓународна мрежа за финансиска едукација*
***Прв столб*** *– задолжително пензиско и инвалидско осигурување врз основа на генерациска солидарност*
***СБ*** *- Светска банка*
***Трет столб*** *–доброволно капитално финансирано пензиско осигурување*
***УЈП*** *- Управа за јавни приходи*
***Фондот на ПИОСМ*** *- Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија*
***ФСАП*** *–Програма за процена на финансискиот сектор (Financial Sector Assessment Program)*

# Предговор на претседателот на Советот на Експерти

Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување - МАПАС е регулаторна и супервизорска институција која во континуитет се грижи за интересите на членовите и на пензионираните членови на пензиските фондови и го поттикнува развојот на капитално финансираното пензиско осигурување. Главниот предуслов за успешно работење е идентификување на целните состојби и затоа МАПАС применува стратегиско планирање како дел од современото управување и како алатка за брзо и ефикасно приспособување кон променливите услови на дејствување.

Преку анализа на постојната состојба во која работиме и дејствуваме и евалуација на досегашните остварувања, ги потврдивме нашата мисија, визија и вредности. Ги идентификувавме нашите главни цели и ја проектиравме посакуваната идна состојба на среден рок, во согласност со нашите капацитети и ресурси, преку дефинираните активности. Во утврдена временска рамка ги дефиниравме и мерките кои ќе ни бидат јасен показател за успешноста на активностите. Проектираната идна состојба кон која се стремиме ќе ни биде главен двигател кон остварување на целите.

МАПАС верува и очекува дека, спроведувајќи ги своите секојдневни активности, ќе го реализира Стратегискиот план за периодот 2024– 2028 година. Реализацијата на Стратегискиот план за периодот 2024 – 2028 година ќе има огромно влијание на јакнење на капитално финансираната компонента од пензискиот систем во нашата земја, преку јакнење на управувањето со ризици и придонесување кон развивање на сигурен и транспарентен пензиски систем кој ја има поддршката од членството и јавноста, како и преку подобрување на капацитетот на МАПАС во насока на зајакнување на неговата супервизорска и регулаторна улога во пензискиот систем.

Членовите на Советот на експерти и сите вработени во МАПАС, го поддржуваат спроведувањето на стратегискиот план и континуирано го следат остварениот напредок во однос на поставените цели во насока на остварување на својата мисија заради посигурни пензионерски денови на граѓаните на Република Северна Македонија.

Претседател на Советот на експерти
Максуд Али

# Вовед

Стратегискиот план на МАПАС се утврдува врз основа на мисијата, визијата и вредностите на МАПАС, а земајќи ја во предвид постојната состојба во која дејствува МАПАС, внатрешното и надворешното опкружување и главните предизвици. Стратегискиот план содржи три стратегиски цели и шеснаесет цели во насока на остварување на главните цели за следниот петгодишен период.

Стратегискиот план се евалуира секоја година и се ревидира еднаш на три години или почесто доколку се утврди таква потреба при евалуацијата. Евалуацијата се прави врз основа на дефинирани мерки/показатели што се проценуваат краткорочно (една година) и среднорочно (пет години). Стратегискиот план претставува основа за годишното планирање на активностите на МАПАС.

Во прилог на Стратегискиот план за периодот 2024–2028 година се:

1.Рамка на финансиски средства за реализација на стратегискиот план за периодот 2024–2028 година
2. Акциски план за 2024 година, мерки за успешност и активности, евалуација на планот со остварени резултати (базна година 2023)

## Мисија

***МАПАС да ги заштити интересите на членовите и на пензионираните членови на пензиските фондови и да го поттикне развојот на капитално финансираното пензиско осигурување заради посигурни пензионерски денови.***

## Визија

***МАПАС да биде препознаена како независна, стручна и транспарентна институција која го штити и унапредува капитално финансираното пензиско осигурување.***

## Вредности

- ***Професионализам*** *– применување на стандарди кои се очекуваат од една професионална институција, согледани во веродостојност, дискреција, непристрасност и чесен однос во сите сфери од сопственото дејствување*

- ***Одговорност*** *– преземање одговорност за сопствените акции и за резултатите кои произлегуваат од нив*

- ***Тимска работа*** *– заедничко работење за реализација на целите и споделување на идеи и искуства*

- ***Интегритет*** *– обезбедување конзистентност, точност и чесност при остварувањето на целите*

- ***Транспарентност*** *– обезбедување навремено и јасно информирање на јавноста за активностите на МАПАС*

- ***Посветеност*** *– посветено реализирање на мисијата и визијата на МАПАС*

## Пензискиот систем во Северна Македонија

Македонскиот пензиски систем е дел од социјалното осигурување на Република Северна Македонија. Тој има структура на тристолбен систем со комбиниран начин на финансирање на идните пензии и диверсификација на демографските и економските ризици, со цел обезбедување сигурна пензија за сегашните и идни генерации пензионери и долгорочна финансиска стабилност на системот. Таквата структура е резултат на темелната реформа на пензиското и инвалидското осигурување, која беше подготвувана повеќе години, а нејзината законска рамка е воспоставена во 2000 година. Трите столба на македонскиот пензиски систем се:

- Прв столб - осигурување врз основа на генерациска солидарност
- Втор столб - задолжително капитално финансирано пензиско осигурување
- Трет столб - доброволно капитално финансирано пензиско осигурување

Првиот столб се финансира на тековна основа (PAYG), што значи дека со придонесите од постојните осигуреници се исплаќаат пензиите на тековните пензионери. Тој столб функционира на принцип на т.н. дефинирани пензии односно преку него се обезбедуваат пензии според однапред утврдена формула за пресметка на пензијата. Од првиот столб се исплаќа дел од старосната пензија, инвалидска пензија, семејна пензија, како и најнизок износ на пензија.

Вториот и третиот столб се капитално финансирано пензиско осигурување во кое се врши капитализација на уплатените придонеси во име и за сметка на членот. Тие два столба функционираат на принцип на т.н. дефинирани придонеси, односно кај нив однапред е определено нивото на придонес кој се уплаќа, додека пензијата се утврдува отпосле зависно од акумулираниот износ. Од вториот столб се исплаќа дел од старосна пензија. Од третиот столб се обезбедува заштита од старост, инвалидност и смрт.

Капитално финансираното пензиско осигурување радикално се разликува од тековно финансираното пензиско осигурување и во поглед на третманот и евиденцијата на уплатените придонеси и во поглед на утврдување и исплатата на пензијата. Во тоа осигурување секој член има индивидуална сметка на која се евидентираат неговите средства и се обезбедува тесна поврзаност и зависност помеѓу обемот на платените придонеси и идните пензии што ќе ги остварува секое лице. Тој начин на осигурување е заснован врз принцип на акумулирање на средства од придонеси на индивидуални сметки, кои понатаму се инвестираат и остварениот принос од инвестициите, намален за трошоците од работењето на системот, во целост се додава на средствата акумулирани на индивидуалните сметки. Идната пензија зависи од акумулираните средства на индивидуалната сметка и од очекуваното траење на животот при пензионирање, односно очекуваниот период на користење на пензијата.

Институции кои учествуваат во пензиски систем се:

- **Министерство за труд и социјална политика** - надлежно за креирање и водење на политиката на пензиското и инвалидското осигурување и вршење надзор во спроведувањето на законитоста на тоа осигурување.

- **Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување** - регулаторна и супервизорска институција, која ги штити интересите на членовите и на пензионираните членови на пензиските фондови, ја зајакнува свеста на јавноста за карактеристиките на тој вид осигурување и го поттикнува развојот на капитално финансираното пензиско осигурување.

- **Пензиско друштво** - акционерско друштво чија единствена дејност е управување со средствата на пензиските фондови. Пензискиот систем во Северна Македонија има можност за основање на три вида на друштва:
  - Друштво за управување со задолжителни пензиски фондови
  - Друштво за управување со доброволни пензиски фондови
  - Друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови

  Во Република Северна Македонија постојат три пензиски друштва кои управуваат со по еден задолжителен и со по еден доброволен пензиски фонд и едно пензиско друштво кое управува само со доброволен пензиски фонд. Едно од пензиските друштва имаа комбинација на домашни (49% учество) и странски (51% учество) акционери, две пензиски друштва имаат единствен странски акционер (100% учество) и едно пензиско друштво има единствен домашен акционер (100% учество).

- **Чувар на имот на пензиски фонд** - банка која безбедно ги чува средствата на пензискиот фонд на посебна сметка, одделно од средствата на пензиското друштво. Функцијата чувар на имот, и за задолжителните и за доброволните пензиски фондови е надлежност на деловните банки кои имаат склучено договори со пензиските друштва за чување на средствата на пензиските фондови.

- **Управа за јавни приходи** - врши централизирана наплата на придонесите и до Фондот на ПИОСМ ги доставува вкупните придонеси за пензиско и инвалидско осигурување.

- **Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија** - врши распределба на придонесите за пензиско осигурување меѓу првиот и вториот столб и врши пренос на придонесите и соодветните податоци за членовите во избраните задолжителни пензиски фондови.

## Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)

МАПАС е основана во јули 2002 година како супервизорско и регулаторно тело на капитално финансираното пензиско осигурување. МАПАС врши супервизија на работењето на пензиските друштва, пензиските фондови и чуварите на имот и донесува подзаконски и други акти, со што придонесува за целосното спроведување на законите кои го регулираат капитално финансираното пензиско осигурување.

Основна цел на МАПАС е да ги штити интересите на членовите и на пензионираните членови и да го поттикнува развојот на капитално финансираното пензиско осигурување во Република Македонија.

МАПАС е одговорна за издавање, повлекување и укинување на дозволи за основање пензиски друштва и на одобренија за управување со пензиски фондови; врши супервизија на работењето на пензиските друштва, пензиските фондови, како и на чуварите на имот и на странските менаџери на средства. МАПАС соработува со МТСП, МФ, НБРСМ, КХВ, АСО и со други институции со цел успешно да го регулира и супервизира капитално финансираното пензиско осигурување во Северна Македонија. Покрај годишниот извештај за нејзиното работење, МАПАС изготвува и објавува годишен извештај за состојбите во капитално финансираното пензиско осигурување како еден од начините за обезбедување транспарентност на системот.

Во моментов, МАПАС ги извршува своите функции со вкупно 28 вработени. Со МАПАС раководи и управува Совет на експерти составен од пет члена (тројца професионално ангажирани експерти и двајца надворешни членови), од кои еден е претседател. Организационата структура на МАПАС е составена од сектори, отсеци, одделенија и внатрешна ревизија.

- **Отсек за односи со јавност и стандардизација (ООЈС)**: Отсекот се грижи за: процесите потребни за организација на системот за управување со квалитет да се воспоставени, спроведени и одржувани, воспоставување на систем за заштита на лични податоци во МАПАС, постапката за обезбедување на слободен пристап на информации од јавен карактер, воспоставување начин и постапка за информирање на јавноста, изготвување на известувања до медиумите, организирање прес конференции, планирање и спроведување активности за да се задржи поволната претстава за МАПАС во јавноста. Исто така, Отсекот е одговорен за организирање и планирање на работите и задачите на претседателот на Советот на експерти, професионално ангажираните членови како и на надворешните членови. Во моментов, во овој отсек работат еден раководител на отсек,еден раководител на одделение и еден помлад соработник.
- **Отсек за информатика (ОИ)**: Отсекот за информатика во МАПАС се грижи за тековното одржување на постојните софтверски решенија поврзани со вториот и третиот столб од пензискиот систем како и за развој на нови софтверски решенија во соработка со надворешна софтверска куќа, за конзистентноста на податоците во базите на податоци, за текот на проследување на податоците меѓу МАПАС и субјектите со кои соработува. Отсекот за информатика се грижи и за одржување на серверите како и за останатата хардверската опрема со која располага МАПАС. Во моментов во овој отсек работат еден раководител на отсек и еден раководител на одделение.

- **Сектор за финансиска контрола (СФК)**: Овој сектор врши финансиска контрола на пензиските фондови и чуварите на имот од аспект на контрола на процесот на пренос на придонеси од моментот на доставување на податоците од Фондот на ПИОСМ до моментот на нивната уплата во пензиските фондови, контрола на инвестирање и проценка на средствата на пензиските фондови, како и контрола на процесот на исплата на пензии и пензиски надоместоци од пензиските фондови. Во моментов, во Секторот за финансиска контрола работат двајца раководители на одделенија, еден советник, еден виш соработник, еден самостоен референт и еден помлад референт.

- **Сектор за институционална контрола (СИК)**: Овој сектор врши контрола на административното, организациското и финансиското работење на пензиските друштва. Го води Регистарот на членови и постапува по предмети кои произлегуваат од членството во пензиските фондови, односно врши контрола на постапката на зачленување, премин и остварувањето на правата на членовите. Во моментов, во Секторот за институционална контрола работат еден раководител на сектор, еден раководител на одделение, еден советник, еден помлад соработник и еден виш референт.

- **Сектор за правни работи (СПР):** Во рамките на надлежностите во овој сектор се изготвуваат општи и конкретни правни акти и документи поврзани со работењето на МАПАС, се спроведуваат постапки за издавање дозволи и одобренија за основање пензиски друштва и пензиски фондови, се даваат одобренија за промените во пензиските друштва и се вршат работи од човечки ресурси. Во моментов, во овој сектор работат еден раководител на сектор, двајца раководители на одделенија и еден советник.

- **Сектор за истражување и меѓуинституционална соработка (СИМС)**: Овој сектор врши следење и анализа на пензискиот систем и макроекономски истражувања, вклучувајќи изработка на статистички извештаи и на извештај за состојбите на капитално финансираното пензиско осигурување, изготвување и ажурирање на програма за испитот за агенти, предложување на метод за пресметка на принос и пондер и нивна пресметка, предложување на методологија за пресметка на пензии и други анализи на нови алтернативи за развој на капитално финансираното пензиско осигурување. Исто така овој секторот е одговорен и за одржување на соработка со институции со кои МАПАС има потпишано меморандуми за соработка. Во моментов, во овој сектор работат еден раководител на сектор и еден раководител на одделение.

- **Сектор за финансиско административни работи (СФАР):** Овој сектор е одговорен за административните и финансиските работи кои се неопходни за непречено работење на МАПАС, кои вклучуваат изработка и извршување на финансискиот план на МАПАС, извештаи за финансиското работење, сметководство, спроведување на постапки за доделување на договори за јавни набавки, архивско работење и други административни работи. Во моментов, во овој сектор работат еден раководител на сектор, двајца раководители на одделенија, еден виш референт и еден помлад референт.

- **Внатрешна ревизија (ВР)**: Основни задачи на внатрешната ревизија се оценување на значајните фактори на ризик и давање совети на Советот на експерти на МАПАС за намалување на

факторите на ризик; утврдување и оценка на економичноста, ефикасноста и ефективноста во работењето на системите за финансиско управување и контрола и давање на препораки за подобрување на работењето, врз основа на анализи; проверка на точноста и комплетноста на сметководствената евиденција и финансиските извештаи; утврдување и оценување на усогласеноста на работењето со законите, подзаконските и интерните акти и следење на спроведувањето на преземените мерки од членовите на Советот на експерти на МАПАС врз основа на ревизорскиот извештај. Во моментов, во внатрешната ревизија работи внатрешен ревизор.

# Организациска шема на МАПАС



## Главни учесници

| |
|---|
| **Клиенти** |
| Членови на пензиски фондови |
| Пензиски друштва |
| Чувари на имот на пензиските фондови |
| **Идни клиенти** |
| Граѓани на Република Северна Македонија |
| **Внатрешни учесници** |
| Вработени во МАПАС |
| Совет на експерти на МАПАС |
| **Надворешни учесници** |
| Министерство за труд и социјална политика |
| Министерство за финансии |
| Влада на Република Северна Македонија |
| Собрание на Република Северна Македонија |
| Народна Банка на Република Северна Македонија |
| Македонска берза |
| Комисија за хартии од вредност |
| Агенција за супервизија на осигурување |
| Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија |
| Добавувачи |
| Консултанти |
| **Меѓународни соработници** |
| Меѓународна организација на пензиски супервизори - ИОПС |
| Делегација на ЕУ |
| Светска банка |
| Пензиски супервизори од други земји |
| **Други учесници** |
| Медиуми |
| Стопански комори и синдикати |

## Стратегиска цел 1:

***Обезбедување на управување со ризиците кои им се закануваат на средствата и на пензиите и на пензиските надоместоци на членовите на пензиските фондови, како и на угледот на системот, и сведување на истите на најниско можно ниво.***

Пензиското штедење е долгорочна инвестиција со која треба да се управува, одржувајќи рамнотежа помеѓу ризикот и приносот кој е оптимизиран во текот на животниот циклус на членовите. Постојниот систем им наметнува силни стимулации на пензиските друштва за постигнување краткорочно минимизирање на волатилноста што може да се постигне само ако се зголемат останатите ризици, како што се на пример неусогласеност на роковите (duration mismatch) и инфлацијата, гледано на подолг рок, а со тоа се ограничуваат и можностите за остварување повисоки приноси (приносите кои можат да бидат поставени за цел или остварени). МАПАС ќе продолжи да работи во насока на намалување на таквиот вид стимулации, со тоа што ќе овозможува да се развие поинтензивен стратегиски пристап кон инвестирањето со што, како цел, ќе се поставaт долгорочните приноси и управувањето со соодветните ризици. Воедно, МАПАС ќе се ангажира за поголема транспарентност во однос на трансформирање на таа стратегија во конкретни постапки, како и за унапредување на процесот на управување со ризиците. Надоместоците што се наплаќаат од страна на пензиските друштва значително влијаат и може да ја намалат вредност на идните пензии и пензиски надоместоци бидејќи се наплаќаат во текот на работниот век на членовите, затоа од исклучителна важност е МАПАС и понатаму да продолжи со примена на успешниот пристап за постепено намалување на горната граница на надоместоците заради намалување на нивното влијание.

## *Цел 1.1*

***Создавање на услови за постигнување максимални стапки на принос на долг рок со минимален ризик, преку промовирање на висококвалитетни процеси за управување со инвестициски портфолија***

Во зачетоците на системот, додека пензиските друштва ги развиваа капацитетите и стручноста, беше разбирливо дека минимизирањето на инвестициската волатилност ќе биде значаен двигател на инвестициското однесување. Во тој период реалните приноси беа прилично ниски и краткорочно планирани. МАПАС очекува пензиските друштва да достигнат зрелост во инвестициска функција, со тоа што активно ќе работат на постигнување на саканите повисоки приноси од инвестициите на долг рок и, во согласност со принципот на прудентност, ќе одржуваат рамнотежа меѓу ризикот и приносот. Тоа значи дека членовите на управните одбори на пензиските друштва треба да го убедат МАПАС дека:

- Одлуките кои се однесуваат на портфолиото на пензискиот фонд се засновани на висококвалитетна и соодветна анализа и совети;
- Целта на пензиските фондови е највисок можен принос на долг рок, а неговата остварливост да се темели на претходни анализи;
- Во инвестициската стратегија се опишани дејствата кои ќе се преземат на долг рок, со цел остварување на највисок принос единствено во полза на членовите и пензионираните членови на пензискиот фонд и преку диверсификација и финансиска анализа да се минимизира ризикот од загуби, кои настанале поради неплаќање на издавачот или другата договорна страна, кои произлегуваат од влијанието на домашните и странските финансиски пазари и кои се последица од продажбата на средствата на пензискиот фонд поради обезбедување ликвидност на пензискиот фонд;
- Врз основа на инвестиционата стратегија најмалку еднаш годишно за секој пензиски фонд се изготвува документ за начинот на примена на инвестиционата стратегија за следните 12 месеци, кој содржи прецизни цели и дозволени отстапувања за инвестирање по класи на средства, интерни ограничувања, релативна волатилност по класите на средства и изложеност на ризиците;
- Сите инвестициски активности се во согласност со инвестициската документација и секоја неусогласеност со инвестициската документација брзо се отстранува;
- Овластените лица за управување со ризици постојано ги следат ризиците и известуваат за ризиците кои му се закануваат на портфолиото и преземаат соодветни мерки за нивно минимизирање;
- Членовите на Управниот одбор редовно ги следат резултатите од инвестирањето врз основа на детални анализи подготвени од секторите.

Во таа насока, функцијата на МАПАС ќе биде постојано да работи со пензиските друштва со цел да се осигура дека тие применуваат соодветна политика и правилно постапуваат по неа и истовремено да го намали нивното настојување за планирање на пократок рок.

МАПАС ќе ги анализира информациите кои произлегуваат од извештаите за портфолијата на пензиските фондови и на терен ќе ги проверува процесите и политиките, во насока на потврдување

дека напредокот е задоволителен и дека пензиските друштва работат во согласност со најдобрите искуства во сферата на инвестирањето и дека нивните постапки не отстапуваат од нивните инвестициски планови. За да се зајакне добрата практика во таа област, МАПАС ќе бара уверување од пензиските друштва дека преземаат дејствија за развивање на нивните анализи, стратегии и управување со ризиците и потврда за нивното спроведување. Воедно, МАПАС ќе им помага на пензиските друштва за да се стекнат со разбирање за најдобрите искуства при спроведувањето на обврските во таа област. Тоа би можело да се реализира преку семинари, упатства и секако преку правилници. Исто така, МАПАС ќе се ангажира преку креирање на поволна правна рамка и политики, како и преку воспоставување институционална рамка, структурирано и стратешки да ги поттикнува пензиските друштва да ги интегрираат економските, социјалните и еколошките аспекти во своето работење.

МАПАС очекува пензиските друштва самостојно да ја препознаат потребата за развивање на деловните процеси кои произлегуваат од работењето, а особено во насока на воведувањето на мултифондови, кое само по себе бара поголема софистицираност. Секако, МАПАС ќе предложи промени во регулативата во насока на креирање на законска и подзаконска основа за функционирање на мулти фондови.

Инвестирањето на средствата и носењето на инвестициските одлуки треба да се усогласени со принципот на прудентност, со годишните инвестициски планови и со управувањето со ризиците. Ова е и составен дел од Цел 1.4. која се однесува на подобрување и унапредување на супервизијата преку оценка на ризиците во системот

## *Цел 1.2*

### *Промовирање на висококвалитетно корпоративно управување и управување со ризици во пензиските друштва за да обезбеди минимизирање на ризиците*

Ризиците во пензиските друштва ќе бидат намалени или одржувани на ниско ниво ако постојат контроли кои правилно се применуваат и ако друштвата имаат воведено соодветна политика за ефективно извршување на обврските кон членовите на пензиските фондови. Тоа ќе се постигне особено ако пензиските друштва имаат успешни методи за управување со ризиците. Дел од фидуцијарната обврска на управните одбори на пензиските друштва е тие да обезбедат дека сите потребни контроли се воспоставени и дека одлуките се донесуваат објективно, врз основа на доволно докази и разбирање на ризикот, притоа исклучувајќи ја можноста да се јави конфликт на интереси.

МАПАС ќе ја зајакне таа порака со тоа што на пензиските друштва јасно ќе им ги дефинира обврските и ќе го контролира нивното спроведување. Приоритетот за подобрување на корпоративното управување кај пензиските друштва е тие да бидат во можност да покажат дека се целосно усогласени со внатрешната контрола и правилниците и дека ја развиваат функцијата за управување со ризици. Токму затоа, МАПАС од пензиските друштва ќе побара да достават годишна потврда дека имаат воспоставено соодветни процедури за корпоративно управување. Потоа, МАПАС ќе го проверува нивното почитување и усогласеност со цел да се осигура дека пензиските друштва не ја информирале МАПАС погрешно.

Откога ќе се осигура дека системот на управување во друштвата е соодветен, тогаш МАПАС ќе може да биде поефикасна во своето работење бидејќи дел од одговорностите за клучните контролни процеси ќе може да им ги предаде на друштвата. Тоа би можело да се случи само тогаш кога МАПАС ќе има доволно доверба во управувањето на пензиските друштва што, всушност, претставува уште една причина повеќе МАПАС да ги зајакне пораките до друштвата во таа насока.

Обезбедувањето високи стандарди во корпоративното управување и управувањето со ризиците подразбира МАПАС јасно да им каже на пензиските друштва што, всушност, се очекува од нив и да добие согласност од нив во врска со тоа. Ова може да се стори преку Кодексот за корпоративно управување, кој претставува добра појдовна точка. Потоа, МАПАС ќе ја контролира имплементацијата и ќе им предлага на пензиските друштва отстранување на неправилностите, а сето тоа ќе биде поткрепено со можност за покренување на мерки од повисок степен ако друштвата не се усогласат со барањата на МАПАС.

## *Цел 1.3*

***Работење на постојано намалување на влијанието кое го имаат надоместоците кои ги наплатуваат пензиските друштва на пензиите на членовите на пензиските фондови со тоа што ќе обезбеди надоместоците да бидат одраз на ефикасен систем на капитално финансирано пензиско осигурување***

Согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, пензиските друштва наплаќаат надоместоци од придонеси и средства и надоместоци за премин. Наплаќањето на надоместоците е неопходно за да можат пензиските друштва да ги вршат нивните функции поврзани со управувањето на пензиските фондови. За извршување на своите функции и активности надоместоци од пензиските друштва наплаќаат чуварите на имот, МАПАС и Фондот на ПИОСМ, кои во споредба со почетните години на работа на системот се пониски и значително се намалија со растот на системот. Износот на надоместокот што МАПАС го наплатува од пензиските друштва беше повторно намален во 2023 година.

Високите надоместоци значително може да влијаат на вредноста на идните пензии и затоа треба да се одржуваат на минимално ниво, што ќе им овозможува на пензиските друштва да остварат соодветен приход во однос на трошоците што тие ги остваруваат. Во Република Северна Македонија не постои доволна конкуренцијата помеѓу пензиските друштва (иако во 2022 година започна со работа и четврто пензиско друштво) за да се постигнат тие ефекти, но и меѓународното искуство покажува дека конкуренцијата како фактор нема постигнато значително влијание во намалувањето на надоместоците. Затоа максималните износи на надоместоците се утврдуваат со закон.

Процесот за утврдување на максималната висина на надоместоците треба да биде објективен и правичен за сите вклучени страни и при тоа да се избегнува секакво политичко влијание. Оттаму произлегува и клучната улога на МАПАС како стручна институција да утврди кои трошоци се неопходни за успешно работење на пензиско друштво и да дава совети во поглед на идните намалувања на максималната висина на надоместоците. Максималните висини на надоместоците треба да се утврдуваат на опаѓачка скала и доволно однапред за да се поттикнат строги контроли на трошоците кај пензиските друштва. Ова беше обезбедено со измени на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување во 2013 година, кога беа утврдени максималната висина на надоместокот од придонеси и на надоместокот од средства што може да ги наплаќаат пензиските друштва во втор столб. Надоместокот од придонеси што го наплатуваат пензиските друштва во втор столб беше намален од страна на пензиските друштва и во 2023 и 2024 година и е понизок од максимално утврдениот со закон.

Исто така и во Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување се утврдени максимални висини на надоместокот од придонеси и надоместокот од средства што може да ги наплатуваат пензиските друштва во третиот столб. Надоместоците што пензиските друштва реално ги наплатуваат во третиот столб се пониски од максимално утврдените со закон и беа намалени од страна на пензиските друштва на неколку наврати.

МАПАС и понатаму ќе продолжи да следи и да проверува дали настанатите трошоци за кои се наплаќа директно од членовите или од приходите на пензиските друштва се законски и оправдани.

## *Цел 1.4*

***Подобрување и унапредување на рамката за вршење супервизија на пензиските друштва, пензиските фондови и чуварите на имот врз основа на направената оценка на ризиците во системот***

За да може да обезбеди управување со ризиците и нивно минимизирање на МАПАС постави процеси со кои се идентификуваат и оценуваат ризиците на структурен начин од каде се добива информација за тоа каков приоритет и каков вид на тестирање треба да се примени кај секој од ризиците и какви дополнителни мерки би требало да се преземат. Така, ресурсите ќе се насочат кон оние ризици за кои постои најголема веројатност дека ќе влијаат на идните пензии на членовите и на одржливоста на системот. Исто така, ресурсите ќе се насочат и таму каде што ризикот има најголем опфат и можност за да се ублажи, што ќе придонесе МАПАС да подготви и предложи промени со кои би се намалило нивото на ризик.

Комитетот за оценка на ризици го координира процесот на идентификување и оценка на ризиците, а воедно, во делот на теренската и вон-теренската контрола ревидира и предлага подобрување на методите за проценка на ризиците.

Во насока на зајакнување на супервизијата се донесе Прирачник за супервизија базирана на ризици и истиот ќе се ревидира по потреба.

## Стратегиска цел 2:

***Унапредување и одржување на стабилно и транспарентно капитално финансирано пензиско осигурување што ја има поддршката на членството и јавноста.***

Капитално финансирано пензиско осигурување претставува особено значаен елемент во рамките на механизмите кои на граѓаните на Република Северна Македонија можат да им придонесат во обезбедување на финансиска сигурност по нивното пензионирање. МАПАС ќе продолжи да ги следи состојбите во пензиската област, да презема активности за унапредување на капитално финансираното пензиско осигурување и да обезбедува услови за ефикасно работење на капитално финансираното пензиско осигурување. Потоа, МАПАС ќе инсистира на правилна имплементација на идните законски прописи кои се однесуваат на мултифондовите и кои се од исклучително значење за оптимизација на портфолијата. Сопственици на пензиските фондови се членовите и токму затоа од исклучителна важност е постоењето одговорност и транспарентност како при управувањето со пензиските фондови, така и при регулирањето и супервизијата на капитално финансираното пензиско осигурување. Членовите и пензионираните членови треба да имаат брз пристап до информациите што се однесуваат на нивните сметки и работењето на системот. Капитално финансираното пензиско осигурување значително се разликува од првиот столб што им е познат на граѓаните. Многу е важно членовите и јавноста да имаат јасна претстава за тоа како функционира капитално финансираното пензиско осигурување и кои се придобивките за неговите членови. Одржливоста на системот, во голема мера, зависи од тоа како тој ќе биде разбран од страна на членството и јавноста, како и од поддршката која ќе му биде дадена. МАПАС игра клучна улога во остварувањето на оваа цел.

## *Цел 2.1*

***Континуирано унапредување на стабилно капитално финансирано пензиско осигурување и обезбедување на услови за ефикасно работење на субјектите под супервизија***

Капитално финансираното пензиско осигурување како дел од пензискиот систем во Република Северна Македонија има позитивни ефекти во насока на обезбедување на долгорочна стабилност на пензискиот систем и сигурност во остварување на правата од пензиското осигурување. Концептот на индивидуално штедење на средства за пензија, како еден од изворите на идниот приход по пензионирање, има долгорочна природа, а предизвиците кои ги носи капитално финансираното пензиско осигурување се неизбежни. МАПАС во следните години ќе продолжи тековно и континуирано да ги следи и анализира состојбите во пензиската област, а со тоа ќе продолжи да презема и соодветни активности и мерки за унапредување на капитално финансираното пензиско осигурување, со цел зајакнување на индивидуалните заштеди за идна пензија преку промовирање на ефикасно и флексибилно управување со портфолијата и обезбедување на улови за зголемување на учеството на населението во втор и трет столб.

Сите активности насочени кон унапредување на капитално финансираното пензиско осигурување се регулирани. Како регулаторно тело, со надлежности да предлага закони и донесува подзаконски акти заради уредување и унапредување на капитално финансираното пензиско осигурување, МАПАС има примарна улога во унапредувањето на капитално финансираното пензиско осигурување, а со тоа истовремено е вклучена во напорите за успешно функционирање и заштита на правната држава. Прописите се основа на секоја правна држава со што е определен нејзиниот правен поредок, уредено е функционирањето на субјектите и нивните меѓусебни правни односи. За владеење на правото и доследно функционирање на државата како правна држава основен предуслов се содржински соодветни, правно основани и правилно, номотехнички уредени прописи. Содржината на прописот мора да биде разбирлива, недвосмислена, употреблива и спроведлива. Таквото ниво на прописите може да се постигне само ако прописите се номотехнички соодветно подготвени и правно правилни, што значи, дека треба да бидат во согласност со Уставот и законите, да се донесени од надлежни органи и според пропишана постапка. При спроведување во пракса, лошо подготвениот пропис предизвикува низа потешкотии и проблеми и ја намалува правната сигурност и довербата во правото и правната држава.

Во таа насока МАПАС во следните години ќе продолжи да ги врши своите регулаторни надлежности, односно да предлага и донесува прописи во капитално финансирано пензиско осигурување, врз основа на:
-следење на актуелните процеси и состојби во капитално финансираното пензиско осигурување, во пензискиот систем и во финансискиот сектор во државата,
- измени на закони од други области (трговски друштва, прекршоци, дигитализација, заштита на личните податоци, спречување перење пари и финансирање на тероризам и др.)
-усогласување со правото (acquis) на ЕУ и
-меѓународни искуства, практики и препораки (СБ,ИОПС, ОЕЦД, ФСАП и др.)

Исто така, МАПАС ќе продолжи да предлага измени и на закони во други области кои имаат влијание на стабилноста и унапредувањето на капитално финансирано пензиско осигурување.

Пензиските друштва и пензиските фондови се основани и работат врз основа на одобрение/согласност од МАПАС во регулирана постапка и строги услови. Со цел одржување на услови за ефикасно работење на пензиските друштва и пензиските фондови како и на чуварите на имот, МАПАС ќе продолжи да ги спроведува постапките за одобрување на документите и лицата (членови на управен и надзорен одбор и одговорни лица за определени области) кои биле одобрени во постапката за лиценцирање, а е потребно да се менуваат.

Во 2020 година МАПАС се вклучи во заедничкото ангажирање со финансиските регулатори, предводено од НБРСМ, за навремено и ефикасно идентификување на системските ризици и преземање на активности заради спречување и намалување на нивното влијание врз финансискиот систем.  Во август 2022 година, стапи во сила Законот за финансиска стабилност со што се воспостави институционалната рамка за поставеноста на макропрудентната политика во Република Северна Македонија, а во април 2023 година се усвои Стратегијата за спроведување на макропрудентната политика во Република Северна Македонија. Со законот, правно се институционализира Комитетот за финансиска стабилност и се доделија надлежности на регулаторите на финансискиот систем. Со Стратегијата за спроведување на макропрудентната политика во Република Северна Македонија се постави оперативната рамка за спроведување на макропрудентната политика од страна на Комитетот за финансиска стабилност и надлежните регулатори. Со овие активности исто така, ќе биде дополнително зајакната отпорноста на финансискиот систем на шокови, а надлежните институции ќе бидат уште поподготвени за управување со предизвиците. МАПАС во следните години ќе работи на градење на својот капацитет за спроведување на овие активности како и за активностите во насока на спроведување на макропрудентната политика, утврдување на макропрудентни инструменти и преземање на макропрудентни мерки кон субјектите над кои врши супрвизија.

Експанзивниот развој на технологијата брзо го трансформира начинот на кој функционира финансискиот сектор, вклучувајќи го и пензискиот сектор. Со оглед на сложеноста на капитално финансираното пензиско осигурување, некои од иновативните технологии (како мобилни апликации и интерактивни платформи или дигитални објави) може да го олеснат пристапот до клучни пензиски информации во реално време и истовремено да им овозможат на осигурениците подобро да ги планираат и управуваат своите пензиски заштеди. Затоа, во следните години МАПАС ќе ги насочи своите активности и кон напорите да се искористи технологијата за да се подобрат квалитетот и „испораката“ на услугите и информации од пензиските друштва и како регулатор ќе ги поттикнува и поддржува овие промени. Како почетна активност во оваа насока, имајќи ги во предвид сегашните капацитети и ресурси на МАПАС, е вклучување во активности кои ќе произлезат од центарот за иновации што го воспостави НБРСМ. Потоа, МАПАС ќе биде активно вклучена и во заедничките активностите со другите учесници и регулатори во финансискиот сектор, а што ги предводи НБРСМ и се во насока на зголемување на свесноста за значењето на новите технологии, ризиците и придобивките од нивната примена, во капитално финансираното пензиско осигурување како дел од финансискиот сектор. Со потпишувањето на Меморандум за соработка на финансиските регулатори за создавање услови за поддршка на развојот на иновациите во финансискиот систем во Република Северна Македонија се формираше Комитет за поддршка на

развојот на иновациите во финансискиот систем во Република Северна Македонија. Во април 2023 година Комитетот за поддршка на развојот на иновациите во финансискиот систем во Република Северна Македонија (Комитетот за финтек-секторот) ја усвои Стратегијата за регулаторите за финтек-секторот, којашто има за цел да обезбеди услови за поддршка на иновациите во областа на финансиите, притоа имајќи ја предвид заштитата на потрошувачите и инвеститорите и стабилноста на финансискиот систем.

Паралелно, настанува и потребата за детектирање на ризиците кои може да се креираат заради развојот на финансиските технологии, како на пример кибер напади, злоупотреба на пензиски средства, преземање на лични податоци и информации итн. Затоа, иновациите во капитално финансираното пензиско осигурување треба да бидат област на зголемено внимание на супервизијата.

Потоа, иновативните технологии имаат потенцијал да ја поедностават и да ја подобрат и регулаторната и супервизорската функција, преку зголемување на ефикасноста на административните процедури, олеснување на комуникацијата помеѓу супервизираните субјекти и супервизорите, рационализирање на процесите за известување и автоматизирање на процесите за собирање на податоци, автоматизирање на анализите на собраните податоци, развивање на технолошки платформи за олеснување на теренските супервизии итн.

Во оваа насока на развој на технологијата и влијанието врз пензискиот сектор неопходно е зајакнување на постоечките знаења, обезбедување на експертиза и технолошки алатки и решенија за развој на дигитални проекти во МАПАС.

## *Цел 2.2*

***Креирање и промовирање на различни инвестициски портфолија врз основа на возраста на членовите на пензиските фондови и на сите можности кои ќе ги имаат членовите што, пак, ќе го овозможи воведувањето на мултифондови***

Во моментов секое пензиско друштво управува со по еден задолжителен и по еден доброволен пензиски фонд. Принципот на разумен човек налага пензиските фондови да бидат соодветно оптимизирани за да можат да се приспособат на специфичните околности на секој член. Поконкретно, оптималното времетраење на финансиските инструменти зависи од преостанатото време до пензионирање, како и од степенот до кој членовите можат да бидат изложени на волатилност на пазарот без да претрпат загуби кои не би можеле да бидат надоместени пред периодот за пензионирање. Всушност, веројатноста дека волатилноста на пазарот би можела да предизвика сериозно влијание врз акумулираните средства на членовите пред самото пензионирање, претставува еден од двигателите за планирање на инвестирањето согласно периодот на пензионирање на членовите.

Меѓународно најприфатено и најпрепорачливо решение за тој проблем е стратегиско инвестирање на средствата на членовите водено од преостанатото време до пензионирање (следење на животниот циклус).

Во таа смисла, практиката покажува дека одлуките за промена во инвестирањето на средства се поврзани со возраста, што не мора да значи дека и ќе соодветствуваат со специфичните околности на членот. Затоа, вообичаено, се дава можност членот да избере портфолио, за да може да ги избегне одлуките за инвестирање на средствата кои, во спротивно, би му биле наметнати на неговите средства.

Во земјите со систем сличен на македонскиот пензиски систем, ‘’мултифондовите” се користат како стандарден метод за инвестирање според животниот циклус со кој им се дава можност на членовите за избор. Така, и во задолжителното и во доброволното капитално финансирано пензиско осигурување ќе се овозможи постоење на три пензиски портфолија што ќе се разликуваат по начинот на инвестирање на средствата и, соодветно на тоа, членовите на пензискиот фонд ќе можат да изберат едно пензиско портфолио. Воедно, структурата на членството ја наметнува потребата за воведување на мулти фондови на основа на различни портфолија (растечко, балансирано и конзервативно) согласно старосната структура на членовите.

Членовите кои нема сами да изберат портфолио ќе бидат автоматски прераспределени во портфолио што ќе одговара на нивната возраст. По измена на соодветните закони и подзаконски акти, ќе следи преоден период заради усогласување на инвестирањето на средствата. Целта од воведување на три вида на портфолио е да се зголеми идната пензија од вториот пензиски столб, да се подобри сигурноста при инвестирање на средствата при тоа земајќи ги во предвид променливите услови на ризик, безбедноста и адекватна ликвидност на пензиските фондови во текот на животниот-пат на членовите и зголемување на диверзификација на можностите за инвестирање.

МАПАС, пензиските друштва и чуварите на имот ќе го зајакнат сопствениот капацитет за да можат да ги имплементираат мултифондовите. МАПАС ќе изврши контрола врз степенот на развој на капацитетите на друштвата за да утврди дали тие се на задоволително ниво и дали се во согласност со функцијата што ја вршат. Истовремено, МАПАС ќе го контролира и управувањето со ризиците кои му се закануваат на системот, а произлегуваат од самото воведување на мултифондовите. Во соработка со Министерството за труд и социјална политика, МАПАС ќе се грижи за соодветна имплементација на оваа новина, вклучувајќи ја и подготовката на соодветни правилници.

## *Цел 2.3*

***Континуирано обезбедување на транспарентност на капитално финансираното пензиско осигурување и објаснување на карактеристиките, можностите и предностите на капитално финансираното пензиско осигурување, на јасен и разбирлив начин за граѓаните***

Во текот на постоењето на тростолбниот пензиски систем, а согласно спроведените истражувања на јавно мислење на членовите на пензиските фондови се констатира извесно позитивно придвижување на нивото на генерално познавање на јавноста за карактеристиките и предностите на капитално финансираното пензиско осигурување и за улогата која МАПАС ја има во пензискиот систем. Сепак, за МАПАС како регулатор и супервизор и понатаму останува точна перцепцијата дека ова ниво на јавна свесност не е доволно особено затоа што лицата имаат лична улога преку носење на одлуки односно генерално имаат право и слобода на избор, во сите фази на пензиското штедење – зачленување, акумулирање и исплата. Во 2020 година кога светот се соочи со пандемијата со вирусот корона и глобална финансиска криза, потребата од поголема свесност на јавноста уште повеќе беше нагласена. Исто така, новото окружување диктира и забрзан развој на технологијата која брзо го трансформира начинот на којшто функционира финансискиот сектор, вклучувајќи го и пензискиот сектор што ќе овозможи поедноставен пристап до капитално финансираното пензиско осигурување од една страна но и зголемена потреба за едукација од друга страна.

Затоа, развивањето на свеста на јавноста за целите и принципите на капитално финансираното пензиско осигурување и понатаму останува еден од главните предизвици на МАПАС. Подигнувањето на свеста на јавноста и зголемувањето на поддршката за капитално финансираното пензиско осигурување во рамките на пензискиот систем ќе го поткрепи унапредувањето на системот, а воедно ќе ја намали и веројатноста да се појават непредвидени ситуации на подолг рок. Улога на МАПАС, која е уредена со закон и подразбира одговорност за сопствените активности, ѝ овозможува на МАПАС да заземе водечка улога во зголемувањето на нивото на јавната свест.

МАПАС обезбедува навремено и редовно објавување и споделување на детални податоци и информации за капитално финансираното пензиско осигурување преку извештаите за состојбите во капитално финансираното пензиско осигурување и статистичките извештаи. Со тоа се обезбедува транспарентност на капитално финансираното пензиско осигурување и добра основа за понатамошно споделување на информации преку различни канали за комуникација. Во 2023 година, статистичките податоци за капитално финансираното пензиско осигурување се достапни на јавноста и преку новата алатка за статистички податоци “МАПАС-СТАТ” којашто обезбедува современ и едноставен пристап до податоците, можност за самостојно филтрирање на податоците, изготвување на временски серии, интерактивна визуелизација и преземање на податоците како и зголемен обем и фреквенцијата на објава на релевантните статистички податоци. МАПАС во следните години ќе продолжи да работи на унапредување на извештаите за капитално финансираното пензиско осигурување како преку квалитативно и квантитативно унапредување на податоците така и преку овозможување на поедноставен пристап до овие податоци за учесниците, сите заинтересирани страни и пошироката јавност.

МАПАС, во рамките на своите надлежности за развивање на свеста на јавноста за целите и принципите на капитално финансираното пензиско осигурување и правата на членовите на пензиските фондови, ќе продолжи да врши едукација на членовите и јавноста, а особено на младите лица, со цел зголемување на свесноста и информираноста на осигурениците за системот. Исто така, МАПАС ќе продолжи да работи и на унапредување на активностите што ќе придонесат за зголемување на пензиската свесност кај јавноста, при тоа прилагодувајќи ги на целните групи, трендовите и новитетите придвижени од развојот на технологијата во комуникацијата со јавноста.

Од 2016 година МАПАС започна да го одбележува "Денот за пензиска свесност – 15-ти септември" преку организирање на конференции пред, регулаторни тела, државни институции, соработници и гости од земјата и странство, како и преку информативно забавни настани. Од 2019 година, МАПАС започна со спроведување на информативна кампања за едукација и информирање на членовите на пензиските фондови за пензискиот систем. МАПАС и во иднина ќе продолжи со организирање на активности за одбележување на денот за пензиска свесност и спроведување на информативни кампањи. Потоа, дел од активностите за информирање на јавноста ќе се спроведуваат со заедничко ангажирање и на пензиските друштва. Исто така, дел од активностите МАПАС ќе ги насочи кон промовирање на значењето и улогата на МАПАС.

Од декември 2013 година МАПАС е активно вклучена и во заедничкото ангажирање на финансиските регулаторни институции во однос на финансиската едукација, како дел од Координативното тело за финансиска едукација и финансиска инклузија. МАПАС во следните години ќе продолжи да учествува во работата и бројните активностите на ова тело, што вклучува и учество во спроведување на првата Национална стратегија за финансиска едукација и финансиска инклузија за периодот од 2021- 2025 година што треба да придонесе за натамошно градење на капацитетите за развој на финансиската едукација и натамошно унапредување на финансиската вклученост на населението. Во 2023 година започна втората фаза на Проектот за финансиска писменост со ИНФЕ-ОЕЦД, заедно со Министерството за финансии на Холандија и Money Wise платформата којшто ќе трае во периодот од 2023-2027 година. Главниот приоритет на овој проект е да ги поддржи земјите коишто се дел од истиот (Северна Македонија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Грузија, Ерменија, Молдавија, Романија, Украина, Хрватска и Црна Гора), да го подигне нивото на финансиска писменост кај населението преку поддршка и имплементација на стратегиите и политиките за финансиска писменост, со обезбедување на анализи, извештаи и препораки за градење капацитети согласно институционалните потреби и стратешките приоритети на земјите.

Со оглед на тоа дека и по повеќе од петнаесет години работа на третиот столб и почеток на работа и на четврт доброволен пензиски фонд во 2022 година, учеството на населението во третиот столб, сè уште, не ги постигнало очекувањата, МАПАС во следните години ќе посвети особено внимание на активности за промовирање заради зголемено учество во третиот столб, а воедно во таа насока ќе ги поттикнува и пензиските друштва. Покрај тоа, во следниот период МАПАС ќе се ангажира за овозможување на поедноставени правила и намалени ограничувања за вклучување на населението во доброволните пензиски фондови како врз основа на лична инцијатива така и преку иницијативи на работодавачите или здруженијата на граѓани како спонзори на професионалните пензиски шеми.

МАПАС и во иднина ќе придонесува за подигнување на свеста на јавноста и за подобрување на разбирањето за системот, како и промовирање на доброволното капитално финансирано пензиско осигурување.

## *Цел 2.4*

***Унапредување на квалитетот на информациите што се доставуваат до членовите на пензиските фондови во врска со нивните права, обврски и интереси, со цел да изгради доверба во системот и на транспарентен и ефикасен начин да ги задоволи барањата на членовите***

Спроведените истражувања на јавно мислење и секојдневната комуникација со членовите на пензиските фондови и јавноста укажуваат дека постои едно извесно позитивно придвижување на нивото на познавање за капитално финансираното пензиско осигурување и пензискиот систем во текот на годините на постоење на тростолбниот пензиски систем. Сепак МАПАС цени дека познавањето на поголемиот дел од членовите на пензиските фондови е сѐ уште на ниво кое не е соодветно и дека тоа може да придонесе членовите да се изложени на грешни заклучоци во врска со нивните идни пензии, што може да доведе до одлуки што не се оптимални и неоправдани разочарувања. Исто така, се оценува дека членовите сѐ уште не знаат што да очекуваат од нивните пензиски друштва, каква заштита е предвидена за нивните идни пензии, ниту пак кој е одговорен неа да ја обезбеди. Токму поради тоа, улогата на МАПАС е да придонесе членовите правилно да го разберат капитално финансираното пензиско осигурување.

МАПАС ќе продолжи внимателно да го следи познавањето на членовите за нивните права и обврски, ќе продолжи да обезбедува услови за унапредување на квалитетот на информациите и за зајакнување на комуникациските канали до членовите. МАПАС ќе продожи да обезбедува информации на лицата кои се веќе членови и тоа директно на нивно барање, вклучувајќи и информации за нивната распределба во задолжителен пензиски фонд.

МАПАС обезбедува редовно и навремено постапување по претставки (поплаки, жалби, барања) на членови по различни основи. Со тоа се обезбедува ефикасно постапување по барањата на членовите на пензиските фондови што придонесува кон зголемување на довербата во системот. МАПАС ќе продолжи и во иднина редовно и навремено да постапува по претставките на членовите на пензиските фондови.

МАПАС ќе се вклучи и во активности за заштита на потрошувачите во рамките на работната група на МФ.

Активностите за маркетинг и продажба на пензиските друштва исто така влијаат на подобрување на разбирањето на капитално финансираното пензиско осигурување кај членовите и потенцијалните членови, но тие активности, ако не се добро регулирани и контролирани, можат да ги доведат граѓаните во заблуда што, може да влијае на намалување на довербата во системот. Оттаму, МАПАС ќе продолжи да обезбедува услови во кои пензиските друштва успешно ќе ги спроведуваат и контролираат нивните маркетинг активности и ќе обезбеди решавање на проблемите што ќе се појават. Исто така, МАПАС, ќе продолжи да го контролира начинот на кој пензиските друштва комуницираат со членовите, особено во фазата на давање информации кога членовите пристапуваат кон некој пензиски фонд.

## *Цел 2.5*

### *Уредно одржување и ажурирање на регистерот на членови на задолжителните пензиски фондови*

Една од работите што ги врши МАПАС, согласно со регулативата е водење на регистар на членови и регистар на пензионирани членови на задолжителни пензиски фондови. Во таа смисла, во изминатите години на функционирањето на системот се констатирани одредени недоследности/недостатоци во податоците на членовите на вториот столб од аспект на нивно нередовно ажурирање од страна на самите осигуреници или пак заради нецелосност на евиденциите на податоците на останатите инволвирани институции од каде се преземаат дел од податоците на членовите. Осигурениците и воопшто популацијата, се однесуваат инертно во однос на нивно навремено реагирање за ажурирање на нивните лични податоци, што е најверојатно резултат на сѐ уште релативно ниското ниво на "пензиска писменост и култура" на целокупната популација и секако на слабата мотивираност за самоиницијативно ажурирање на променетите лични податоци. Исто така, дел од институциите кои се вклучени во споделувањето на податоци, заради низа причини неретко имаат и нецелосни евиденции. Ова негативно влијае на достапноста до членството и ја отежнува комуникацијата на МАПАС и пензиските друштва со членовите во втор столб, што на крај имплицира и со незадоволително ниво на информираност на членовите.

Системот постепено "созрева" преку пораст на опфатеноста на населението и преку континуираниот пораст на средствата на задолжителните пензиски фондови со што важноста на капитално финансираното пензиско осигурување се зголемува. Со тоа се потенцира значењето на одржување на ажурни и комплетни податоци, како од аспект на личната улога на поединецот, така и заради генералната свесност на јавноста и поддршката на системот.

Потоа, и покрај тоа што се очекува дека во следните години мал број од членовите на задолжителните пензиски фондови ќе остварат услови за пензионирање МАПАС во следниот период ќе се насочи кон целосно воспоставување, водење и ажурирање на регистарот на пензионирани членови.

Во насока на одржување и подобрување на достапноста до членството, МАПАС ќе спроведе и ќе иницира активности за подобрување на процесите за ажурирање на податоци и ќе бара подобрување на евиденциите на сите институции кои имаат изворни податоци за осигурениците.

Исто така во следните години МАПАС ќе продолжи со активности за проверка и контрола на податоците за членство во доброволните пензиски фондови што се добиваат од пензиските друштва. Овие активности се во насока на обезбедување исполнетост на барањата и правилата поврзани со вклучување на членовите во трет столб, како и целосен увид, тековно следење и анализирање на состојбата со членовите во доброволните пензиски фондови.

## *Цел 2.6*

### *Гарантирање на веродостојност и конзистентност на базата на податоци*

МАПАС има значајна улога во одржувањето на базите на податоци во кои се запишуваат сите податоци за членовите на пензиските фондови. Одржувањето на базите на податоци придонесува за веродостојност на податоците и обезбедува сигурност на секој член дека може да ги следи придонесите што се уплатуваат на неговата индивидуална сметка. Овие податоци, воедно, би требало да 'и овозможат на МАПАС да ги проверува податоците што ги користат пензиските друштва при вршењето на нивните функции, како што е комуницирањето со членовите, додека пак податоците на пензиските друштва можат да се користат за проверка на податоците што ги чува МАПАС.

Досега не се забележани позначајни проблеми со евиденцијата на податоците за членството предизвикани од инциденти во информатичкиот систем (од технички аспект или заради човечки фактор), но земајќи го предвид фактот дека членството и средствата и понатаму ќе продолжат да растат и да созреваат, МАПАС ќе се соочи со сериозен предизвик да гарантира дека податоците во системот се веродостојни и конзистентни. Затоа, оваа обврска во следните пет години и во иднина ќе претставува висок приоритет за МАПАС.

Во иднина МАПАС ќе ја унапредува ИТ перспективата– и во теренската и во вонтеренската контрола која ја спроведува со цел да се зајакне успешноста на супервизијата во иднина.

## *Цел 2.7*

***Обезбедување на услови за непречено спроведување на исплата на пензии и пензиски надоместоци на пензионираните членови и промовирање на висококвалитетни процеси поврзани со исплата на пензии и пензиски надоместоци***

При воспоставувањето на системот на капитално финансирано пензиско осигурување приоритет беше развивање на механизмите за акумулирање на средствата за пензија, а по речиси една деценија од почетокот на работа на пензиските фондови беа развиени и регулирани и механизмите за исплата на пензии од вториот и третиот столб. Целта е членовите на пензиските фондови при пензионирањето да имаат можност на избор помеѓу програмираните повлекувања кои ќе ги обезбедуваат пензиските друштва, ануитетите кои ќе ги обезбедуваат друштвата за осигурување на живот или нивна комбинација.

Во изминатиот период од донесувањето на законските и подзаконските акти фазата на исплата на пензии и пензиски надоместоци беше делумно имплементирана, бидејќи членовите на пензиските фондови се сè уште релативно млади и само многу мал дел од членовите во задолжителните пензиски фондови остваруваа пензии или исплати од втор столб. Потоа, со измените на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување од декември 2018 година што се однесуваа на промена на критериумот за членување во задолжителните пензиски фондови, во 2019 година на поголемиот број на повозрасни членови за кои членувањето во втор столб се покажа дека не е поволно им престана членството, и овие осигуреници останува осигурени само во тековно финансираното пензиско осигурување засновано на генерациска солидарност. Оваа состојба овозможи продолжување на очекуваната временската рамка за отпочнување на исплата на пензии за позначаен дел од членовите во задолжителните пензиски фондови. Но, и покрај тоа што се очекува дека во следните години мал број од членовите на задолжителните пензиски фондови ќе остварат услови за пензионирање, сепак МАПАС треба во следните години да промовира висококвалитетни процеси за исплата на пензии и пензиски надоместоци. Навремената и квалитетна услуга за исплата на пензија од втор столб за членови кои во следните десет години ќе ги остварат условите за пензија претставува важен фактор за одржување на угледот и довербата на граѓаните во капитално финансираното пензиско осигурување.

Заедно со пензиските друштва, Фондот на ПИОСМ и АСО, МАПАС ќе обезбеди безбедно и целосно имплементирање на фазата на исплата на пензиите со тоа што ќе осигура дека сите потребни процедури се воспоставени. Тоа значи дека за членовите ќе треба да бидат воспоставени системите и изворите на информации преку кои тие ќе можат да го направат вистинскиот избор што ќе соодветствува на нивните потреби и состојби. Тоа подразбира дека фазата на исплата на пензии ќе биде усогласена со развојот на пазарот за пензиски ануитети, унапредување на обезбедувањето на програмираните повлекувања и воспоставените процеси за контрола на исплати на средства од сметките на членовите.

Паралелно со активностите за обезбедување на услови за непречено спроведување на исплата на пензии се одвиваат и активности поврзани со исплата на пензиските надоместоци. Во однос на третиот столб, МАПАС во следните години очекува поголем број на членови од доброволните пензиски фондови (релативно на нивната вкупна состојба) кои би ги оствариле условите за исплата

на пензиски надоместоци, што исто така претставува значаен предуслов во зголеменото ангажирање за обезбедување на квалитетна и навремена услуга поврзана со исплата од третиот столб.

## Стратегиска цел 3:

***Подобрување на капацитетот во насока на зајакнување на својата супервизорска и регулаторна улога во капитално финансираното пензиско осигурување***

Капацитетот на МАПАС е многу значаен за доброто регулирање и ефикасната супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување. За да го развие својот капацитет, МАПАС во периодот што е опфатен со Стратегискиот план ќе се насочи кон неколку главни области. Управувањето со човечките ресурси ќе биде едно од клучните прашања чие решавање ќе помогне за МАПАС да се унапреди во попрофесионална и постручна организација. Плановите за обука ќе бидат дизајнирани и подготвени за да го подобрат капацитетот како на вработените, така и на раководниот тим. Исто така, МАПАС ќе управува со податоците на попрофесионален начин во согласност со потребите на системот и ќе ги одржува решенијата за одржување на деловниот континуитет и опоравување во случај на катастрофа (природни катастрофи и друго). Потоа, МАПАС континуирано ќе ги унапредува сите процеси, постапки и системи со цел да ја подобри својата деловна ефективност. Исто така, МАПАС во следните години ќе работи на градење на култура во која управувањето и комуницирањето за утврдените ризици во работењето ќе стане пракса врз основа на која ќе се носат соодветни одлуки. МАПАС континуирано ќе ја одржува соработката со учесниците во системот како во Северна Македонија, така и во странство, во насока на унапредување на заедничкото учење и развојот на капитално финансираното пензиско осигурување. МАПАС ќе ја одржува финансиската стабилност обезбедувајќи ефикасно управување со финансиите. МАПАС ќе го унапредува своето управување, планирање, транспарентност и општествена одговорност. .

## *Цел 3.1*

### *Постојано надградување на професионализмот и стручноста на раководниот орган и вработените*

Професионализмот и стручноста на раководниот орган и вработените се клучни фактори што придонесуваат за подобрување на капацитетот на МАПАС заради обезбедување подобра функционалност и јавна услуга. Најдобар начин за градење професионализам и стручност е преку управување со човечките ресурси. Преку соодветно и добро дефинирано управување со човечките ресурси може да се поставaт стратегии и да се развијат политики, стандарди, системи и процеси преку кои ќе се спроведуваат тие стратегии во речиси сите области. Во следните пет години МАПАС ќе продолжи да го унапредува управувањето со човечките ресури, со цел зголемување на ефикасноста и ефективноста на човечкиот потенцијал што ќе придонесе за јакнење на капацитетот на МАПАС.

МАПАС ќе продолжи да го планира зголемувањето на човечките ресури врз основа на анализа со што ќе се констатира постоечката состојба и потребата за вклучување на нови кадри и за тоа ќе донесува Годишен план за вработување.

МАПАС во следните години ќе продолжи да овозможува развивање на стручните, техничките и социјалните вештини на вработените преку специјализирани и генерички обуки, за што ќе донесува Годишен план за обука на вработените во МАПАС согласно Програмата за обука на административните службеници во Република Северна Македонија како и План за специјализирани обуки за секој вработен поединечно. Ова, воедно, ќе придонесе и за континуиран развој на компетенциите на вработените, подобра искористеност на човечките ресурси, како и за мотивирање на вработените.

МАПАС исто така ќе работи и на унапредување на процесот на евалуација на вработените, што ќе придонесе за соодветно следење на тековните капацитетите на МАПАС и преземање на соодветни активности насочени кон унапредување на капацитетите на МАПАС.

МАПАС во своето работење ќе продолжи да обезбедува највиско ниво на професионално и етичко однесување преку следење на стандардите од Кодексот на професионална етика на вработените и од Кодексот на професионална етика на вработените при вршење теренска и вонтеренска супервизија, како и од Кодексот за административни службеници. Раководниот орган на МАПАС ќе ги следи и стандардите од Кодексот за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата.

## *Цел 3.2*

### *Континуирано обезбедување на ефикасно управување со ризиците во работењето*

Деловните процеси во МАПАС ја промовираат деловната ефективност и ефикасност тежнеејќи кон иновација, флексибилност и интегрирање со технологијата. Овие деловни процеси се потврдени со имплементирање на стандардот Систем за управување со квалитет ИСО 9001:2015 и негово

континуирано одржување (сертифицирање). Постојаното унапредување на работењето и деловните процесите во МАПАС, подобрувањето на организираноста работните активности и следењето на перформансите, даваат големо позитивно влијание врз целокупниот систем и придонесуваат кон постигнување на модерна, ефикасна и професионална супервизија и контрола. МАПАС во следните години ќе продолжи да прави оценка на сите процеси, постапки и системи кои се во функција и ќе продолжи да ги подобрува деловните процеси.

Со цел МАПАС да се подготви за растечките технолошки потреби што ќе се јават во следните години, неопходно е да  изготви ИТ стратегија. Тој документ опфаќа планирање на архитектурата, планирање на трошоците и управување со безбедноста на податоците, а сето тоа ќе биде усогласено со деловните цели и контроли.

Заради навремен третман на сите закани и ризици МАПАС во 2015 година го имплементираше и го одржува Системот за управување со безбедност на информации  (ИСО 27001:2013) кој обезбедува адекватно ниво на сигурност во смисла на доверливост, расположливост и интегритет на информациските средства на МАПАС. Планот за континуитет во деловното работење, регистарот на ризици како и планот за третман на ризици кои се дел од Системот за управување со безбедност на информации се клучни заради тоа што обезбедуваат да се задржи функционалноста на институцијата во непожелни ситуации како што се прекин во напојувањето, застој во ИТ системот, природни катастрофи, проблеми со набавките итн. Континуираното подобрување на овој систем за управување со безбедност на информации во следните години е во насока на одржување на вредноста на засегнатите страни низ континуирана проценка и подобрување на информациската сигурност и целосниот циклус за континуиран развој на МАПАС.

Водени од истата цел, во насока на подобрување на сопственото работење МАПАС во текот на 2018 година воспостави Систем за управување со ризик, врз основа на кој се анализираа сите деловни процеси, како од Системот за управување со квалитет, така и од Системот за управување со безбедност на информации. Со помош на Системот за управување со ризици се обезбеди утврдување, процена и контрола на можните настани или состојби што може да имаат негативно влијание врз постигнувањето на целите. МАПАС успешно ги идентификуваше ризиците во работењето на ниво на организациони единици согласно методологија, што опфаќа утврдување на ризиците, проценка на ризиците, постапување по ризиците  и  следење и известување за ризиците. Целта на управување со ризикот е намалување и/или одржување на ризиците до дефинирано прифатливо ниво преку преземање на соодветни активности за што неопходно е континуирано следење и евалуирање на ризиците.

Со цел управувањето со ризиците да стане составен дел на процесот на планирање и донесување одлуки, МАПАС е во процес на градење култура во која управувањето и комуницирањето за утврдените ризици ќе стане пракса врз основа на која ќе се носат соодветни одлуки. Во следните години МАПАС ќе продолжи да го применува и го унапредува Системот  за управување со ризици.

Исто така, МАПАС активно ќе се посвети на борба против корупција во сите аспекти на своето работење. За таа цел МАПАС во 2023 година донесе Политика за интегритет во која се изразува заложбата и определбата на МАПАС да се воведе, имплементира и унапредува системот за интегритет.

## *Цел 3.3*

***Соработување со други супервизорски тела во земјата и во странство, членување во меѓународни здруженија и применување на најновите процеси и препораки од областа на супервизијата, како и учествување во проекти организирани од надлежни институции***

Со цел обезбедување на ефикасна супервизија и регулатива на капитално финансираното пензиско осигурување МАПАС ќе продолжи да соработува со регулаторните тела од земјата и од странство и со релевантни органи и институции во земјата. Соработката со овие тела и институции е дефинирана со меморандуми за соработка. Преку овие соработки МАПАС ќе продолжи да ги користи придобивките од искуствата и собраните информации и истражувања споделени од страна на други регулаторни институции.

МАПАС соработува со регулаторни институции во неколку земји како што се Бугарија, Словенија, Хрватска, Полска, Турција, Романија, Косово и Албанија. Во март 2023 година МАПАС започна соработка и со Телото за регулатива и супервизија на осигурувањето и пензиското осигурување од Турција со потпишување на Меморандум за соработка. Соработката со сите регулаторни институции вклучува разменување на искуства стекнати во полето на капитално финансираното пензиско осигурување, на работењето на пензиските фондови, механизмите на супервизија на пензиските фондови и усвоената регулатива и правните мерки. Таквата соработка придонесе кон развој на капацитетот на МАПАС. Исто така, од март 2007 година, МАПАС е полноправна членка на ИОПС – Меѓународна организација на пензиски супервизори. МАПАС, како основа и политика во рамките на вршењето на супервизијата на пензиските друштва и пензиските фондови, се определи да ги следи Принципите за супервизија на Меѓународната организација на пензиски супервизори. Членувањето и соработката со ИОПС придонесува МАПАС да ги следи трендовите во областа на регулативата и супервизијата на пензиските друштва и фондови. МАПАС ќе продолжи да ги унапредува овие соработки и ќе продолжи да споделува и разменува информации и искуства, да ги следи светските стандарди и позитивни практики од областа на супервизијата на пензиските друштва и пензиските фондови.

Од декември 2013 година МАПАС е дел од Координативното тело за финансиска едукација и финансиска инклузија, кое се формираше со цел да се зголеми нивото на финансиска едукација на населението во Република Северна Македонија. Членови на координативното тело се финансиските регулаторни институции НБРСМ, МФ, КХВ, МАПАС и АСО. Координативното тело соработува со повеќе институции од финансискиот сектор во земјата и во странство, а посебно се истакнува соработката со Организацијата за економска соработка и развој - Меѓународна мрежа за финансиска едукација (ОЕЦД-ИНФЕ) и Меѓународната организација за финансиска едукација на деца и млади (ЦЈФИ) како реномирани меѓународни организации и институции што во нивните мандати ги разработуваат регулативите, темите и програмите за финансиска едукација, финансиска писменост и финансиска вклученост.

Во март 2022 година регулаторните институции во Северна Македонија склучија Меморандум за соработка на финансиските регулатори за создавање услови за поддршка на развојот на иновациите

во финансискиот систем во Република Северна Македонија со што се постави систем преку кој регулаторите координирано ќе дејствуваат, секој во својата надлежност.

МАПАС во следните години активно ќе учествува во проекти кои се поврзани со подобрување на функционирањето на капитално финансираното пензиско осигурување. Дел од тие проекти ќе произлезат од препораките на оценувањето на финансискиот сектор од страна на мисијата на СБ и ММФ (ФСАП) од 2018 година. Исто така, МАПАС ќе учествува во активностите поврзани со проектот на Светска банка за унифициран централен регистер и систем за регистрација на податоци од социјално и пензиско осигурување.

Во следните години МАПАС ќе продолжи да ја унапредува воспоставената пракса на соработка заради одржување на успешна комуникација со другите супервизорски тела и релевантни органи и институции со цел тоа да придонесе кон одржување на стабилно и транспарентно капитално финансирано пензиско осигурување и унапредување на супервизијата на капитално финансираното пензиско осигурување.

## *Цел 3.4*

***Јакнење и одржување на својата финансиска стабилност заради ублажување на влијанијата на сите сегменти во делокругот на дејствување обезбедувајќи ефикасно управување со финансиите***

МАПАС континуирано ги следи состојбите и трендовите кои се поврзани со работењето на МАПАС и системот и го унапредува и поттикнува развојот на капитално финансираното пензиско осигурување. Во таа насока, се планира спроведување на активности за регулирање и имплементирање на мултифондови и се очекува воспоставување на Центар за електронски систем на котација. Овие промени ќе имплицираат зголемување на надлежностите на МАПАС од регулаторен и супервизорски капацитет, а со тоа и трошоците за зајакнување на кадровскиот и материјалниот капацитет на Агенцијата. Исто така, МАПАС континуирано ги унапредува и надградува деловните процеси согласно новонастанатите потреби и барања на сите субјекти вклучени во системот на капитално финансираното пензиско осигурување. Деловните процеси се поддржани со современи софтверски и хардверски решенија што придонесуваат кон брзината на реакцијата на МАПАС и непречено следење на секоја промена што настанува во овој систем. Поради тоа, голем дел од трошоците на МАПАС се однесуваат на нејзината информатичка инфраструктура.

Капитално финансираното пензиско осигурување претставува втор најголем сегмент во финансискиот систем на Република Северна Македонија и е еден од побрзо растечките сегменти во финансискиот систем. Во 2022 година учеството на вкупните средства на пензиските фондови во вториот и третиот столб во бруто-домашниот производ изнесува 15% од БДП. При тоа се очекува трендот на опфат на населението и раст на средствата на приватните пензиски фондови да продолжи и понатаму. Ова директно влијае на зголемување на одговорноста на МАПАС како супервизорско и регулаторно тело во овој сегмент, пред осигурениците и јавноста.

Со анализите на сегашниот начин на пресметка и наплата на надоместокот со кој се финансира работењето на МАПАС е утврдено дека стапката на вработеност и популационите мерки имаат негативно влијаније на моментално структурираниот надоместок односно нивото и фреквентноста на придонесите директно влијае на финансирањето на МАПАС. Заради надминување на ваквите влијанија, стабилизирање на приходите како и усогласување со странската практика, а со цел реализација на активностите кои произлегуваат од понатамошниот развој на системот, врз база на изготвени анализи и обезбедувајќи максимални ограничувања се утврди потреба од промена на начинот на пресметка на надоместокот што МАПАС го наплатува од пензиските друштва. Затоа, МАПАС ќе иницира законска промена на начинот на пресметката на надоместокот, односно наплата на месечен надоместок на товар на пензиските друштва пресметан како процент од вкупните нето средства на секој пензиски фонд со кој управува пензиското друштво.

МАПАС го води сметководството согласно Законот за сметководство за непрофитни организации, Правилникот за сметководство за непрофитни организации и прифатените сметководствени принципи и стандарди, со цел точно, вистинито, сигурно, сеопфатно, благовремено, ажурно и поединечно искажување на билансните позиции, со состојба на средствата, обврските, изворите на средства, приходите и расходите и резултатите од работењето. МАПАС ќе продолжи да ги подготвува и објективно да ги презентира и да ги објавува финансиските извештаи. Оваа

одговорност вклучува: креирање, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали тоа е резултат на измама или грешка, избирање и примена на сметководствени политики, како и правење сметководствени процени кои што се разумни во дадените околности.

МАПАС во следните години ќе продолжи да обезбедува ефикасно управување со финансиите, вклучително и контролирање на оперативните трошоци и оптимално искористување на приходите. Во таа насока МАПАС ќе врши анализи на финансиските извештаи, ќе ги ревидира одлуките за надоместоци и ќе ја утврдува потребата од изготвување на дополнителни анализи поврзани со финансирањето на МАПАС.

## *Цел 3.5*

***Унапредување на своето управување, планирање, транспарентност и општествена одговорност***

МАПАС ќе продолжи да го унапредува своето управување преку алатки за управување со промени односно преку анализирање на моменталната состојба и утврдување на областите што треба да се подобруваат. МАПАС во 2019 година спроведе функционална анализа. Анализата се прави заради дефинирање на поставеноста и поделбата на надлежностите на организацијата; преиспитување кои организациски единици и работни процеси не се ефикасни и ефективни, па следствено на тоа треба да се префрлат, дополнат, променат и сл., како и на ефикасноста и ефективноста во извршувањето на функциите и потребата од прегледување на работните процеси. Анализата на МАПАС, од организациски аспект, ја детектираше потребата за воведување на нови и надградување на постојните процеси и работни активности во корелација со постојниот човечки капитал и нови вработувања. МАПАС во следните години очекува дека имплементацијата на посочените конкретни препораки од анализата, а согласно планираната рамка за подобрување на капацитетите во МАПАС ќе доведе до унапредување на внатрешната организација и работните процеси.

МАПАС ќе го развива своето управување и преку унапредување на комуникацијата и координацијата помеѓу сите организациони единици, како и преку подигнување на свеста кај вработените во однос на ризиците во работењето.

МАПАС ќе продолжи и во следните години да го применува и унапредува процесот на стратегиско планирање како алатка за брзо и ефикасно приспособување кон променливите услови на дејствување. МАПАС ќе врши анализа на постојната состојба во која работи и дејствува и врз основа на тоа, а во согласност со своите капацитети и ресурси реално и објективно ќе ги определува целите и целните состојби, активностите и ќе ги следи и евалуира остварувањата. Планирањето и постигнувањето на целните состојби ќе се врши во временската рамка на краток и среден рок обезбедувајќи ефикасно управување со финансиите, вклучително и контролирање на оперативните трошоци и оптимално искористување на приходите.

МАПАС спроведува во просек од 30 до 40 постапки за јавни набавки на стоки, услуги и работи зависно од потребите на годишно ниво. Во оваа насока, МАПАС активно ги следи законските измени и дополнувања и го приспособува своето работење во согласност со истите, адаптирајќи се кон воведување на модерни (електронски) начини на водење на постапки и евидентирање на истите што придонесува кон поголема практичност и прагматичност во нивното спроведување од една страна, како и поголема транспарентност и отчетност од друга страна. МАПАС ќе продолжи со овој начин на работа и во иднина, стремејќи се кон зголемување на сопствените капацитети со цел успешно и ефективно да одговори на сите предизвици кои проблематиката на јавните набавки со себе ги носи.

Во следните години МАПАС и понатаму ќе продолжи да ги унапредува актите кои се однесуваат на работењето на МАПАС и соодветно ќе ги усогласува со промените на соодветната регулатива (работни односи, безбедност и здравје при работа, административни службеници, заштита на личните податоци, пристап до информации од јавен карактер, канцелариско и архивско работење и др.). Потоа, МАПАС ќе продолжи да работи на одржување на безбедни и квалитетни работните

услови во согласност со деловните барања, стандардите и нормите утврдени во Република Северна Македонија.

МАПАС во следните години ќе се посвети и на активности за унапредување на својата општествена одговорност, преку иницирање и вклучување во активности за подобрување на социјалните и етичките аспекти на нашето општество и подобрување на животна средина.

МАПАС во минатите години воспостави внатрешната ревизија како независна активност на давање објективно уверување и совет, со цел истата да придонесе за зголемување на вредноста и подобрување на работењето на МАПАС. Во следните години внатрешната ревизија ќе продолжи систематски да ги оценува и да дава препораки за подобрување на процесот на управувањето со ризиците, соодветноста и ефективноста на внатрешните контроли и усогласеноста на работењето со важечките прописи, интерните акти и процедури на МАПАС. Внатрешната ревизија ќе продолжи да ги планира, организира и спроведува ревизиите согласно законските и подзаконските акти и меѓународните стандарди за внатрешна ревизија.

МАПАС обезбедува навремено и редовно објавување на информации за работењето на МАПАС преку извештаите за работењето и финансиското работење на МАПАС, објавувањето на соопштенија поврзани со работата на Советот на експерти, јавните набавки, проекти итн. Во следните години МАПАС ќе продолжи да работи на подобрување на транспарентноста преку унапредување на квалитетот и опфатот на податоците и информациите за своето работење за сите заинтересирани страни и надворешни корисници.